РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1202/3
01-07-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1202/1 од 17.03.2021 година, со наводи за неправилности во работењето на Универзитетот --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1202/1 од 17.03.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 17.03.2021 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во работењето на Универзитетот ------------ и оформен е предмет број 12-1202/1 од 17.03.2021 година.

Во пријавата се укажува дека подносителите во период од една година 2020-2021 постојано реагирале за нерегуларностите во Универзитетот ------------, особено ---------------------------------факултет. До раководството на оваа институција биле депонирани над 15 украдени истражувања на професори и докторанди на овој факултет, како и незаслужени унапредувања со академски звања во овој факултет, меѓутоа овие претставки не биле земени предвид. Во продолжение се наведува дека истражувањето на подносителите покажува академска корупција, нелегален пазар, академска лага, плагијати итн., а никој не го попречува извршувањето на овие дела. Според подносителите, раководството на универзитетот замижува на ваквата академска измама, додека на ---------------------- факултет за декан и продекан биле распоредени некомпетентни луѓе.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на конкретни службени лица, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Членина ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk